Сапуни

Сапуните како средство за миење претходат пред сите останати препарати за миење. Тие имаат хигиено-здравствено дејство, имено корекција на телесната миризба и профилактичка нега на кожата. Имаат многу поблиско дејство на кожата отколку другите прочистувачки детергентни производи.

Сапуните од колекцијата на Рефан се рачна изработка - неверојатен производ кој излегува од границите на хигиенско средство и претставува еден естетски, козметички производ.

Производи

БИЛНИ САПУНИ - STEP TO NATURE - AROMATHERAPY

Здравата кожа е најголемиот украс на човекот. Грижата за неа бара разумно користење на современите средства за почистување. Пред векови создаден, сапунот повеќе пати е подобруван во име на единствената намена– да почистува без оштетување затоа што неговиот состав е како составот на кожата на човекот.

Затоа сапуните на РЕФАН не се обични сапуни. Ја сочувале вековната традиција да ја галат вашата кожа, деликатно и нежно да ја почистуваат, а нивните состојки да ја прават кожата мека и со мирис на здравје и чистота. Фасцинантната арома на сапуните и нивниот изглед веднаш ќе ви се допаднат и ќе внесат свежина и позитивни емоции во секојдневието.

ТРАНСПАРЕНТНИ (ГЛИЦЕРИНСКИ) САПУНИ

Во последните години, светските трендови наметнуваат т.н. транспарентни сапуни, сапуни на килограм, поради нивната мекост, а и атрактивен надворешен изглед. Тие содржат глицерин, една многу важна состојка. Глицеринот се добива во моментот на самата сапунификација на мастите. Но може да се стави и дополнително. Тој има не само функционално значење како состојка, но го осигурува пријатното омекнувачко и хидратантно дејство врз кожата по употребата на транспарентниот калап.

Овој вид сапуни на килограм се произведуваат и во фирмата РЕФАН. Нашите глицерински сапуни се добиваат од масни киселини од растително потекло. Рецептурата за оваа глицеринска маса е основана во фирмата пред повеќе од 10 години, од наши специјалисти.

За овие сапуни е карактеристично дека се трошат по-брзо од класичните тоалетни сапуни, поради различниот состав. Тие имаат кристална структура, за чие добивање се бара специфичен состав и технологија. За да се добие тој надворешен изглед, активната супстанција (во случајот сапун) е по-мала.

Кај транспарентните сапуни се задржуваат сите квалитетни карактеристики на стандарден сапун (како што е обилна пена, тврдост, мекост, минимално трошење и др).

Сапуните на килограм од колекцијата на Рефан се рачна изработка - неверојатен производ кој излегува од границите на хигиенско средство и претставува еден естетски, козметички производ. Во составот на нашите сапуни влегуваат различни природни состојки - растителни масла, екстракти, билки, зачини, ореви, делови од растенија, етерични масла.

Peeling soap sponges